# УПАТСТВО
## за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје во учебната 2019/2020 година

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2091/5
27-11-2019 20 _ год.
СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се утврдува начинот на работа на Изборната комисија формирана од Деканот на Машински факултет во Скопје, начинот на предлагање и утврдување кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание, изгледот на гласачкото ливче, образецот на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и слично, чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Изборната комисија ќе спроведе непосредни и тајни избори за 25 (дваесет и пет) членови – претставници на студентите, од кои 24 (дваесет и четири) членови и 1 (еден) претседател - член на Факултетското студентско собрание.

3. Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание ќе се спроведат на 5 декември 2019 год. (четврток), во просториите (холот) на Машинскиот факултет во Скопје, во период од 09:00 – 17:00 часот.

## II. НАЧИН НА РАБОТА НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА

4. Изборната комисија работи на седници, за кои составува записници. Записниците и одлуките на Изборната комисија се потпишуваат од сите нејзини членови.

5. Изборната комисија во функција на спроведување на изборите подготвува информации, известувања и упатства, чии текстови ги утврдува на седница, а ги објавува со потпис „ИЗБОРНА КОМИСИЈА“ и печатот на Факултетот.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ИЗБОРИ И ПРАВО НА ИЗБОР

6. Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот кои се запишани на студии во тековната учебна година во која се вршат изборите, односно кои го запишале зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година.

7. За претседател на Собранието може да биде избран редовен студент на Факултетот кој го запишал зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година и ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

8. За избрани членови и претседател на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите, односно кандидатот кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

## IV. ПРЕДЛАГАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ

9. Предлагањето на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје ќе се врши на собирите на студентите по студиските програми на прв циклус студии и на втор и трет циклус студии кои ќе се одржат во следниве термини:

9.1. Собирот на студенти на студиските програми на прв циклус студии ќе се одржи на 20 ноември 2019 година (среда), во Амфитеатарот на Факултетот, во терминот од 16:00 до 18:00 часот.

9.2. Собирот на студенти на студиските програми на втор и на трет циклус студии ќе се одржи на 20 ноември 2019 година (среда), во училница 124 на Факултетот, во терминот од 18:00 до 19:00 часот.

10. За кандидат за член на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година.

11. За кандидат за претседател на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој редовен студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година и кој ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

12. Кандидат за член на Студентското собрание не може во исто време да биде и кандидат за претседател на Собранието.

13. Предлагањето на кандидати се врши со поднесување Пријава – Предлог на кандидат за член/претседател со Изјава за прифаќање на кандидатурата од студентот кој е предложен за кандидат. Поднесувањето се врши на собирот на студенти.

14. Кандидирањето за член/претседател се врши со поднесување Изјава дека студентот се кандидира за член/претседател. Поднесувањето се врши на собирот на студенти.

15. Обрасците на Пријавата–Предлогот со Изјавата за прифаќање на кандидатурата и на Изјавата за кандидирање за член/претседател ги утврдува Изборната комисија и ги објавува во прилог на известувањето за термините за одржување на собирита на студентите, најдоцна седум дена пред нивното одржување.

16. За одржаниот собир на студенти се составува и заверува записник. Прилог и составен дел на записникот се Листите на утврдени предлог-кандидати за членови/претседател и поднесените Пријави-предлози и Изјави за кандидирање.

17. Изборната комисија, врз основа на записниците од собирите на студенти, листите на утврдени предлог-кандидати и извршената проверка во студентската евиденција, донесува одлука со која го констатира исполнувањето, односно неисполнувањето на условите на предложените кандидати за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

18. Одлуката од точка 17 се објавува најдоцна 5 дена пред одржувањето на изборите.

## V. ИЗБИРАЧКИ СПИСОК

19. Списокот на запишани студенти во учебната 2019/2020 година по семестар и студиски програми на прв, втор и трет циклус студии (ИЗБИРАЧКИ СПИСОК), Изборната комисија го обезбедува од Одделението за студентски прашања на Факултетот.

20. Избирачкиот список содржи податоци за циклусот на студии, запишан семестар, назив на студиска програма, презиме и име на студентот, број на индекс на студентот и место (линија) за потпис.

21. Списокот на запишани студенти со свој потпис и печатот од службата го заверува Раководителот на Одделението и преку Архивата го доставува до Изборната комисија.

## VI. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

22. Изборот на членови и претседател на Факултетското студентско собрание се врши со непосредно и тајно гласање. Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

23. Гласањето за избор на членови и претседател, во утврдениот термин го спроведува Изборната комисија, во функција на избирачки одбор, што подразбира во времето на гласање од 9:00 до 17:00 часот на гласачкото место, во секое време треба да се присутни тројца членови на Изборната комисија, и тоа еден наставник и двајца студенти. Членовите на Изборната комисија договорно ги утврдуваат интервалите во кои ќе се заменуваат.

24. Гласачкото ливче за избор на членови и Гласачкото ливче за избор на претседател на Факултетското студентско собрание ги утврдува Изборната комисија.

25. Гласачките ливчиња за избор на членови и Гласачките ливчиња за избор на претседател поодделно се со еднаква големина и со иста боја. Бројот на гласачките ливчиња треба да се совпаѓа со бројот на студенти запишани во избирачкиот список.

26. Гласачкото ливче ги содржи називот и логото на Универзитетот и на Факултетот, наведување за што се гласа (член/претседател), датумот на гласање, имињата и презимињата на кандидатите за членови/претседател наведени по редослед според азбучниот ред на нивните презимиња, редниот број пред името и презимето на секој кандидат, упатство за начинот на гласање и печат на Факултетот.

27. Се гласа на тој начин што се заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот, односно на кандидатите.

Важечки гласачки ливчиња се оние на кои се гласало за најмалку 1 кандидат.

Неважечки гласачки ливчиња се оние на кои не се заокружени редните броеви пред името и презимето на кандидатите/кандидатот (непополнетото гласачко ливче), на кое се внесени нови имиња и она од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат е гласано (пречкртано името, подвлечено името, реден број обележан со Х, со еден круг заокружени два или повеќе редни броја).

28. Изборната комисија за спроведување на изборите обезбедува изборен список, гласачки ливчиња, гласачки кутии, паравани за гласање и пенкала со сино мастило.

29. На денот на изборот студентот пристапува кон гласачкото место и се идентификува со индекс. Студентите кои немаат индекс за идентификација не можат да гласаат.

По идентификацијата студентот се потпишува во избирачкиот список и членот на Изборната комисија го заокружува редниот број пред името и презимето на студентот во списокот.

Потоа студентот добива Гласачко ливче за избор на членови и Гласачко ливче за избор на претседател на Факултетското студентско собрание и со напомена дека треба да гласа за најмалку еден кандидат се упатува да гласа зад параваните.

По извршеното гласање студентот ги уфрлува гласачките ливчиња во соодветната гласачка кутија.

## VII. УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО

30. По истекот на времето за гласање Изборната комисија го затвора гласањето и пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, со пребројување на гласовите за секој кандидат.

31. Изборната комисија по отворањето на гласачките кутии записнички го констатира вкупниот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на важечки ливчиња, вкупниот број неважечки ливчиња, вкупниот број неискористени ливчиња и колку гласови освоил секој кандидат. Во записникот се внесуваат и констатирани евентуални неправилности, како и евентуални забелешки на членовите на Изборната комисија.

32. Доколку по пребројувањето на гласовите се утврди дека два или повеќе кандидати за членови на Факултетското студентско собрание имаат ист број на гласови тогаш Изборната

комисија го одредува претставникот по пат на ждрепка во присуство на кандидатите со ист број на гласови.

33. Изборната комисија ги утврдува првичните резултати од одржаните избори и ги објавува на интернет страницата на Факултетот во рок од 24 часа по завршување на гласањето.

34. Против првичните резултати секој кандидат за член/претседател може да поднесе пишуван и образложен приговор, во рок од 24 часа од нивното објавување, односно првиот нареден работен ден, доколку рокот од 24 часа се совпаѓа со ден на викенд или неработен ден.

Приговорот се поднесува до Изборната комисија преку Архивата на Факултетот.

Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, доказ и образложение на причините за негово поднесување.

35. Изборната комисија по приговорите одлучува во рок од 24 часа од нивното поднесување.

Комисијата со решение ќе ги отфрли ненавремените приговори, приговорите поднесени од неовластено лице, како и очигледно неоснованите и злонамерни приговори.

Кога приговорот е неоснован Комисијата донесува одлука со која приговорот се одбива.

Доколку приговорот е основан Изборната комисија донесува одлука за прифаќање на приговорот и ќе ги отстрани неправилностите.

Одлуките на Изборната комисија се конечни.

36. Резултатите од изборите стануваат конечни по истекот на рокот за поднесување на приговори кога приговори не се поднесени и по донесувањето на решенијата/одлуките со кои се решавало, односно одлучувало по приговорите.

37. Изборниот процес завршува со објавување на одлуката за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на интернет страницата на Факултетот.

## VIII. ИЗБОРНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

38. Целокупната изборна документација по завршување на изборниот процес се предава во Архивата на Факултетот и се чува согласно пропишаните рокови.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

39. Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето и објавувањето на интернет страницата на Факултетот, а ќе се применува на изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје спроведени во учебната 2019/2020 година.

Изборна комисија

Проф. д-р Зоран Богатиноски

Вон. проф. д-р Филип Мојсовски

Стефани Јосифовска

Славчо Премчески

Дамјан Цветковски